Годишен наративен извештај – 2020 година



SCOUTS®

Создаваме подобар свет

Сојуз на извидници на Македонија

Март, 2020 година

SCOUTS

Создаваме подобар свет



Почитувани,

Овој извештај ги содржи активностите на Сојуз на извидници на Македонија, неговите органи и неговите членки, кои определени настани и активности ги пријавиле и спровеле во името на СИМ во периодот од 01.01 - 31.12.2020 год. Во периодот 2019-2020, Сојузот броеше 20 членки од кои 17 полноправни и 3 придружни. Членството на Сојуз на извидници на Македонија достигнува бројка од над 2000 извидници.

Мисија

Мисијата на Сојузот на извидници на Македонија е да придонесе во образованието на младите луѓе, низ систем на вредности засновани врз Извидничкиот Завет и Закони, да помогне во изградбата на подобар свет каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството.

Визија

Сојузот на извидници на Македонија е релативна, атрактивна и самоодржлива организација која обединува млади луѓе преку современа и прогресивна програма која ги исполнува општествените потреби на младите во Северна Македонија и го гради нивниот карактер врз база на позитивните извиднички вредности и принципи.



Основни активности на Сојузот на извидници на Македонија

- Неформално образование за младите луѓе користејќи го извидничкиот метод.
- Атрактивна програма за млади со многу активности во природа кои ќе обезбедат развој на интелектуален, психички, духовен, социјален, карактерно и емотивен аспект на секој млад човек.
- Промовирање на активно граѓанство.
- Промовирање на младински активизам и иницијативизам.
- Поддршка во развој на заедницата на локално и национално ниво.
- Промоција и практикување на демократија и човечки права преку стимулативни средби и процеси.
- Поддршка на други младински организации, младински мрежи и заедничка работа со институции.

Таргет група (целна група)

Членови на Сојуз на извидници на Македонија се: деца, млади луѓе и возрасни луѓе. Со комплетирање на програмата на одредите и Сојузот на извидници на Македонија тие земаат активно учество во активности во нивната заедница и помагаат во зголемување во квалитето на живеењето.

Листа на извиднички (поречански) одреди регистрирани во периодот **2019-2020** година:

1. И.П.О. Галеб - Скопје
2. И.П.О. Јадран - Скопје
3. И.О. М.М.-Брицо - Скопје
4. И.О. Браќа Миладиновци - Скопје
5. И.О. Скаут - Куманово
6. И.О. Димитар Влахов - Скопје
7. И.О. Гоце Делчев - Св.Николе
8. И.П.О. Крсте Јон - Струга
9. И.О. Мирко Милески - Кичево
10. И.Е.О. Пионер - Охрид
11. Прв Скопски Извиднички Одред – Скопје
12. И.О. Н.Н.- Борче - Крива Паланка
13. И.О. Феникс - Прилеп
14. И.О. Ластовица - Кочани
15. И.О. Калкан – Тетово
16. И.П.О Сидро – Скопје
17. И.О. Еквинокс - Штип

Придружни членки

1. И.О. Армонија – Виница
2. И.О. Молика – Битола
3. И.О. Компас – Битола


3 настани
за вмрежување
на членство
Извидничка лига
10 кола/кампови
47 иницијативи
на локално ниво
12та македонска
извидничка смотра
17 држави, 1214 учесници
5 тренинзи
за градење
на капацитети
Извидници
каравани во
5 нови градови
Регионална
средба на
ровери
57 учесници
Европска
извидничка
академија
358 учесници
11 младински
политики
на локално и
национално ниво
5%
раст
2255
членови
26 одреди
17 градови
1 развиена
програма за
интеркултура
национални
проекти 12
51,4%
женски
8.1%
91.9%
македонци
48,6%
машки
212 волонтери
Волонтерски
часови 87320
4211
мејлови
Посетени
интернационални
тренинзи 16

Работата на органите на Сојуз на извидници на Македонија и нивните членови

Собрание на СИМ

Собранието на СИМ во 2020 година реализираше две седници и тоа во јуни и во октомври

Редовно годишно Собрание – јуни 2020

На 21.06. Сојуз на извидници на Македонија своето редовно годишно собрание го организираше онлајн. 45 делегати и 15 гости од извидничките одреди од Македонија ја констатираа успешноста на работата на сојузот во период од 2019 година, ги усвоија годишните наративни и финансиски извештаи и разговараа за престојните предизвици и можности поврзани со промените кои го носи Ковид - 19. На истото собрание воведни зборови даде Matthias Gerth, претставник на европскиот извиднички комитет пред делегатите на Сојуз на извидници на Македонија.

Изборно собрание – октомври 2020

На 04.10.2020 се оддржа изборно собрание на Сојуз на извидници на Македонија. 83 делегати од 17 извиднички одреди го одбраа старешинството и старешината на сојузот кои ќе раководат во период од 2020 до 2024 година.
Старешинство/управен одбор во состав:

- Огнен Стефановски - старешина/претседател
- Јане Плавевски - член на старешинство
- Анастасија Николовска - член на старешинство
- Виктор Гилев - член на старешинство
- Анастасија Секулоска - член на старешинство
- Симеон Ангелов - член на старешинство
- Ана Плетварец - член на старешинство

Поради рестрикциите поврзани со Ковид-19, собранието се одржа под посебни протоколи за организирање на настани на отворено, согласно препораките на комисијата за заразни болести. Дополнително, сојузот обезбеди донација на средства за дезинфекција и хигиена за продолжување на извидништвото под строго утврдени протоколи, како и предлог програма за сигурно продолжување на извидничките активности со предлог активности на отворено во наредниот период.

Старешинство на СИМ

Во 2020 година, Старешинството на СИМ работеше во два состави. Старешинството со мандат 2016 – 2020 година раководеше со сојузот до октомври, додека новоизбраното старешинство за период 2020 – 2024 раководеше во период октомври – декември.

Старешинството со мандат 2016 – 2020 се состана 5 пати, заклучно со октомври 2020 година. Новитет во начинот на водење на седници беше тоа што 2 од 5 седници беа онлајн поради рестрикциите поврзани со Ковид – 19.

Старешинството функционираше во состав:
Старешина на СИМ (од 2013 година): Огнен Стефановски
Членови на Старешинство на Сојуз на извидници на Македонија: Јане Илијески; Снежана Јанковиќ; Бобан Москов; Влатко Влахчев; Александар Миладинов; Миќо Стојановски.

Седниците на Старешинството на Сојуз на извидници на Македонија траеа вкупно 16 часа или во просек една седница траеше 3 часа. Членовите на Старешинството покажаа редовност и посветеност во текот на годината така што 5 членови на Старешинството немаат пропуштено седница. Останатите 2 членови не присуствувале на повеќе од 1 седници. Редовноста и посветеноста овозможи Старешинството да функционира редовно без проблеми да се оствари кворум за работа.

Најчеста точка на дневниот ред на седниците на Старешинството во 2020 година беше – Извиднички центар Охрид и тековно работење.

Во 2020 година Старешинството беше постојано вклучено во следењето на имплементацијата на Стратегијата на СИМ и во имплементирањето на проектните активности. Согласно стратегијата во работата на Старешинството се воведува нов механизам со кој секој од членовите на Старешинството ќе има приоритетна област на која ќе работи заедно со секретаријатот и Бирото на СИМ.

Во октомври, на изборното Собрание на СИМ, се избра ново Старешинство во состав: Огнен Стефановски (старешина), Анастасија Николовска, Анастасија Секулоска, Виктор Гилев, Симеон Ангелов, Ана Плетварец и Јане Плавевски. Избраното старешинство е најмладо старешинство во историјата на сојузот со 40% жени во составот, што ја докажува инклузивноста и отвореноста на сојузот во поглед на можности.
Новиот состав во 2020 имаше 5 седници и еден викенд воведен тренинг, на кои ги дискутираа нивните очекувања, обврски, портфолија, краткорочни и долгорочни цели и план за делување во нивниот мандат.

Биро на СИМ

2020та година ќе ја помниме како една од поуспешните години на Бирото на СИМ. Поради тоа што останаа непроменети членовите, постојано беше видливо подобрување и зајакнување на Бирото и неговата ефикасност во работата. И покрај одличната работа на Бирото сепак не беа видливи големи промени во работата на комесаријатите.

Како поактивен комесаријат се јавува програмскиот, кој продолжи и во 2020 година активно да работи на програмата. Со оглед на пандемијата и рестрикциите кои произлегоа од истата, беше потребно итно делување на програмскиот тим од бирото. За таа потреба се креираше ад-хок програмски тим за организирање и имплементирање на онлајн програма, чија работа имаше огромен успех. Така, во период март – јуни, тимот реализираше 30 дневен онлајн извиднички предизвик, тренинзи за јакнење на капацитетите на истражувачите и роверите, како и други можности за учење и личен напредок. Како резултат на работата на програмскиот тим, повеќе од 1200 деца и млади се ангажираа во програмата во време на пандемија, со што докажаа дека извидништвото не запира во никакви услови.

Дополнително, бирото разви програма "Извидништвото продолжува" кое предвидува активности согласно рестрикциите и препораките од државните институции за оддржување на растојание и почитување на мерки. Програмата беше составена од сет на активности на отворено за работа во мали групи имплементирајќи го извидничкиот метод на работа.

Во поглед на обука, иако оваа година беа планирани сет од тренинзи за водачи и инстуктори, сепак поради затекнатата ситуација, истите беа одложени па се пристапи кон онлајн ад-хок тренинг програма за учење на меки вештини, вештини за поддршка во време на пандемија итн.

Интернационалниот комесаријат во период јануари – март имаше неколку интернационални настани кои ги посредуваше и на кои испрати преставници на сојузот. По март, сите интернационални настани беа одложени на неопределено, по што улогата на комесаријатот беше воглавно оддржување на контакти, онлајн вмрежување и размена на искуства за делување на национално ниво во време на пандемија, чиј инпут беше доста потребен. Дополнително, на интернационално ниво се организираше Јота – Јоти – смотра на интернет и Светса извидничка онлајн академија, на кои имавме повеќе од 100 учесници.

Комесаријатот за односи со јавност работеше во насока на промовирање на работата на извидниците во време на пандемија. Резултат на работата на тимот беше препознавање на работата од Претседателот на РСМ, Стево Пендаровски, со кои имавме 2 онлајн средби за нашата работа во време на пандемија, како и видео записи во кои ја промовираме нашата работа кон генералната популација.

Во октомври 2020 година, се одбра ново Биро на Сојузот на СИМ во состав: Јордан Бајрактаров (началник на Биро), Срна Мајсторовиќ (комесар за програма), Александра Стојаноска (комесар за односи со јавност), Благојче Секулоски (комесар за обука) и Елисавета Луканоска (комесар за односи со јавност). По нивниот избор, бирото креираше план за работа и ја продолжи успешната работа на нивните претходници.

Канцеларија на Сојуз на извидници на Македонија

Генерален секретар на СИМ – Владимир Костовски

Во 2020 година канцеларијата на СИМ работеше постојано давајќи подршка на останатите органи на СИМ и вршејќи ја својата административна и финансиска должност. Генерално канцеларијата функционираше на нивото на зададените задачи и успешно ја менаџираше работата и комуникацијата во организацијата.

Од финансиски аспект како тело кое во моментов е задолжено за прибирање на финансии и финансиското работење на извршните тела на Сојузот на извидници на Македонија во 2020 година беше остварена предвидената финансиска рамка. Во канцеларијата на СИМ во 2020 година покрај генералниот секретар, со ангажманот продолжи и асистентот за комуникација и брендинг и дизајн Павел Пападимитров.
Канцеларијата на СИМ во 2020 ја продолжи својата соработка со Сојузот на извидници на Франција и со Мировен Корпус. Волонтер од програмата на Civic Service на Сојузот на извидници на Франција беше Клеменс Курдавалт која работеше во улога на асистент за програми за диверзитет и инклузија. Волонтер од Мировен Корпус беше Алекс Фам, задолжен за раст и развој на организација преку оддржливи методи на извидништво. Неговиот ангажман заврши во март со повлекување на волонтерите на Мировен Корпус од Северна Македонија поради затекнатата ситуација со корона вирусот.

Надзорен одбор на Сојуз на извидници на Македонија

Надзорниот одбор држеше седници и репортираше пред Собранијата.

Членови на Надзорен Одбор:

Филип Стојаноски,

Ангелче Гушев и

Драгољуб Стоиловски

Годишен план на активности на СИМ за 2020 година

Јануари 2020:

- Peace Corps & СИМ
  Нашиот волонтер од Мировен корпус, Алекс Фам, за време на неговото патување во Америка, ја презентираше Македонија и извидништвото во Македонија, со цел да ги запознае извидниците во САД со можноста за соработка и имплементација на активности со нашите извидници.



- Зимувања
  Извидници од 6 различни одреди ширум Македонија организираа зимувања овој месец во Китка, Катлановска Брезица, Осогово и Градовци. Повеќе од 200 извидници за време на овие кампови учествуваа во работилници, хајкови, интерактивни сесии и многу снежни активности.



Младински центар

Повеќе извиднички одреди во соработка со СИМ започнаа процес на создавање на младински центри низ општините во Македонија. Па така, покрај отварањето на Младинскиот Центар-Матично, се работи на отварање на вакви центри и во Општина Велес, Општина Куманово, Општина Кавадарци и Општина Битола.



МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР
МАТИЧНО

Промоција на извидништвото од локалните одреди

Извидничкиот Одред Еквинокс од Штип успешно отпочна кампања, финансирана од Европската Унија, за промоција на нивната работа на креативен начин преку нивниот најнов член- Изи. Изи е маскотата на овој одред која секој месец ги мотивира известува членовите за тековните предизвици и активности.





Февруари 2020:

- Ден на извидници 2020
  Традиционално како и секоја година повеќе од 300 извидници ширум Македонија на 22.02. во организација на СИМ учествуваа на низа активности по повод роденденот на Лорд Роберт Баден Пауел, основачот на извидништвото. Активностите беа организирани на Средно Водно, а покрај свеченото отварање на акцијата беше организирано искачување на Водно до Крстот.





- Кампања Направи добро дело
  По повод Денот на извидниците, извидничките одреди спроведуваа и сопствена програма која има за цел да ги мотивира членовите да придонесат во локалната заедница на различни начини. Извидниците за таа цел оваа година организираа Крводарителска акција во соработка со Црвен Крст, еко- акции и пошумувања, пружаа помош на социјално загрозени семејства, оставаа храна за улични животни, предизвикуваа насмевки на случајни поминувачи со доделување на палачинки, колачиња и пораки за убав ден и сл.







- Тренинг за волонтерите на Peace Corps
  СИМ во просториите на MladiHub организираше тренинг за волонтерите на Peace Corps North Macedonia. Од страна на СИМ учествуваа 5 волонтери кои помагаа во реализација на сесиите.





- Извидниците за Родова Еднаквост!
  На овој меѓународен настан кој има за цел да ги вмрежи извидниците од Европскиот регион учествуваше еден младински претставник од СИМ. Настанот беше составен од три дела и тоа: тренинг, реализирање активности на локално и национално ниво и завршен настан на кој се презентира работата на учесниците.



- Тренинг за старешини во Суто Море
  Во месец февруари покрај традиционалните активности, претставници од извидничките одреди од Општина Битола, Општина Центар и Општина Виница присуствуваа на тренингот за нови старешини во организација на Сојузот на извидници во Србија, а во соработка со Сојузот на извидници на Црна Гора.



- Човекови права и извидништво
  Во соработка со Center for Intercultural Dialogue извидниците од Општина Куманово оддржаа тренинг на тема човекови права со учениците од ОУ „Светозар Марковиќ". Настанот помина во одличен ред, а самите учесници низ најразлични интерактивни активности ги збогатија знаењата од оваа област.



Март 2020:

- Кампања ИзВиди
  Кампањата се реализираше како дел од проектот ИзВиди, поддржан од Младински Образовен Форум како дел од кампањата за промоција на роверската програма преку истражување на Северна Македонија



- Проекти во соработка со Civic Engagement Project- North Macedonia
  Извидници од Општините Куманово и Штип работеа на проекти кои таргетираат младински активизам во областа на зачувување на животната средина и адресирање на проблемот со загадувањето, како и стекнување на вештини за вработување во иднина, секако преку имплементација на извидничката програма и метод на работа.





- Вод



- Online програма- Дел 1
  По почетокот на пандемијата во Македонија, Сојуз на Извидници на Македонија произлезе со посебна програма под мотото „Извидништвото продолжува и од дома" и со цел квалитетно да го исполни времето на своето членство организираше едукативни, забавни, креативни и еко- предизвици на кои успешно се вклучија повеќе од 1000 извидници што резултираше во 8000 исполнети предизвици.

- https://www.youtube.com/watch?v=Mk7pv6mqozk&t=7s&ab_channel=ScoutAssociationofMacedonia







Април 2020:

- ИЗВИДНИЦИТЕ ВО ПОДДРШКА НА СВОИТЕ ЗАЕДНИЦИ #SDG11
  Обврската која извидниците ја чувствуваат спрема другите ја демонстрираат преку активно вклучување во активности во својата заедницата. Во соработка со Општина Карпош, волонтери на Сојуз на извидници на Македонија беа поставени во неколку маркети во општината, со цел одржување на пропишаното растојание помеѓу луѓето, дезинфекција, асистенција на купувачите при пакување на производите, како и испомош при достава на роба во маркетите.
  Дополнително, извидниците идентификуваа социјално загрозени семејства со помош на општината и Вистински Дела На Љубезност Real acts of kindness на кои им доставија велигденски пакети со храна, намирници и санитарни производи.










- Почит кон службениците во Министерство за внатрешни работи
  Како мал гест, извидниците поделија велигденски јајца, кафе и освежување на припадниците на МВР кои неуморно го оддржуваа јавниот ред и мир во текот на празниците и Велигден.






- Предлог мерки и препораки за намалување на негативните ефекти врз младите, како последица со вонредната ситуација
  Сојуз на извидници на Македонија, заедно со група на граѓански и младински организации изготви предлог мерки и препораки за намалување на негативните ефекти врз младите, како последица со вонредната ситуација. Препораките се поделени во 4 области, а СИМ директно придонесе со мерки во областа на волонтерството и младинска ангажираност.



Мај 2020

Online Програма- Дел 2














По успешноста на онлајн програмата во април и повторното воведување на рестриктивни мерки, СИМ излезе со втор дел од онлајн програмата. Активностите беа поделени на два дела - едните ги таргетираа децата до 15 години а другите децата и младите над 15 години. Помладите, преку вмрежување на сите одреди на СИМ имаа можност да ги запознаат своите врсници од другите градови и притоа преку извидничкиот метод да научат нешто повеќе за ориентација, раскажување приказни, извиднички закони итн. За забавниот дел креиравме и онлајн емисија на инстаграм ИзвидиТВ каде што се играа игри и асоцијации, се зборуваше за извидничките авантури и што значи да се биде поготвен. Беа опфатени околу 200 деца. Постарите имаа интерактивни сесии од експерти во области како: лидерство, проектен менаџмент, диверзитет, ментално здравје, раст на организација итн. Истите имаа можност да ги кажат своите младински ставови преку трибини на теми: стратегија на СИМ 2025, роверска програма, имиџот на СИМ итн. Беа опфатени околу 50 деца и млади, а во подготовката на сите активности учествуваа околу 30 волонтери.
Дел од сесиите достапни и на нашиот YouTube канал! https://www.youtube.com/channel/UCOFfaDg5XokhMa4GrVpRyrw/videos?fbclid=IwAR3PkpuebUZnaNDlOalx7BkeRHpe6kKoluV7oVcpuBFxBJVCAMxQZ4E5zek

Јуни 2020:

- Редовно online годишно собрание
  На 21.06. Сојуз на извидници на Македонија своето редовно годишно собрание го организираше онлајн. 45 делегати и 15 гости од извидничките одреди од Македонија ја констатираа успешноста на работата на сојузот во период од 2019 година, ги усвоија годишнитенаративни и финансиски извештаи и разговараа за престојните предизвици и можности поврзани со промените кои го носи Ковид - 19. На истото собрание воведни з борови даде Matthias Gerth, претставник на европскиот извиднички комитет пред делегатите на Сојуз на извидници на Македонија.







- Патека на учење
  Светската извидничка академија е нова виртуелна платформа имплементирана од WOSM наменета за учење и размена на искуства на извидниците од целиот Свет! На истата платформа беше имплементирана програма поделена на 2 дела: Сесии за раководството на сојузите (22ри – 28ми јуни); Сесии за ровери, истражувачи, водачи на одреди и сл. (29ти јуни - 9ти август). Извидниците од СИМ добија пристап до многу едукативни видеа, материјали и документи достапни во секое време! Дополнително, учествуваа на викенд онлајн интерактивни сесии со експерти и врсници од целиот свет!



- Извидништвото продолжува!- Нови мерки за заштита и безбедност
  Со постепено намалување на мерките и воведување на новите протоколи за организирање на активности и формално образование, Сојузот на извидници на Македонија изготви предлог мерки, кои се во линија со мерките за организирање на формалното образование. Предлог мерките служат како водилка за извидничките одреди, во намера за организирање на активности во наредниот период.
  СИМ продолжува со нов начин на работа, со нови мерки и сериозно сфаќање на целата ситуација за безбедни дружби, активности и кампувања!
  Подетални информации на следниот линк - shorturl.at/AI157

Август 2020:



- Мудро трошете ја енергијата!
  Целта на проектот „Мудро трошете ја енергијата" е подигање на јавната свест кај младите за заштита на животната средина и едукација на младата популација и граѓаните на Општина Велес и Општина Чашка за штедење и правилно користење на енергијата. Во рамките на овој проект се реализираше еколошки камп за извидници на возраст до 16 години во времетраење од три дена, каде младите работеа во природа, а воедно се креираа и технички се подготвија боенка "Деца, мудро трошете ја енергијата" и едукативна брошура "Приказни за енергијата". Кампот се реализираше во периодот од 21 до 23 август 2020 год. во извидничкиот центар "Голозинци".





- Креативно-едукативен камп

  Извидничкиот одред "Димитар Влахов" Велес во периодот од 21-23.8.2020 во извидничкиот центар "Голозинци" го реализираше вториот креативен камп за едукација на младите за нивно вклучување во донесување на одлуки, во рамките на проектот „Младите носители на промените". Педесет млади од Општините Велес и Општина Чашка и иницијативата на млади за формирање на извидничка дружина во Чашка, во три дена работеа на активности за работа со млади и за млади и донесување на финална верзија на Локалниот Акционен План за млади на Општина Чашка.





- Чудесен Свет 2
  Традицијата продолжува! Почитувајќи ги сите мерки за заштита од Корона вирусот, извидниците од Штип го реализираа вториот летен извиднички камп "Чудесен Свет 2". Кампот започна на 24.8.2020, а успешно заврши после 5 дена, на 28.8.2020. Деновите беа исполнети со многу забавни, едукативни активности и хајкови во природа, а учесниците си заминаа дома со многу нови знаења и многу нови спомени.



Септември 2020:

- Прв извиднички камп
  Во период од 18 до 20ти септември се оддржа првиот извиднички камп во Кавадарци. После долго време знамето на извидниците повторно се развиори на Моклишкиот Манастир Св. Никола во Ваташа, Кавадарци. За помалку од една година од кога започна со работа Извидничкиот одред Авантуристи успеа да го организира првиот извиднички камп во својот град.Од 18-20.09.2020 на кампот учествуваа 30 деца и млади на возраст од 11 до 13 години, водени од волонтери од 17 до 22 години. За време на овој камп младите пред се запознааа нови другарчиња од сите основни училишта во Кавадарци, се дружеа и научија повеќе за извидништвото, извидничките закони и принципи, извиднички вештини и ориентација.



- Еко-акција
  Извидниците секогаш се залагале за природата, а на 17.09.2020, извидниците од ИПО Јадран огранизираа акција „За чиста и зелена општина Петровец". На акцијата ја исчистија околината, се собраа многу кеси со ѓубре, со порака до граѓаните да не фрлаат отпад и ѓубре и да ја чуваат нашата природа.



- Викенд за биодиверзитет
  Запознавање на природата и изучување на биодиверзитетот е важен сегмент од програмата за извидниците и истражувачите. Извидниците од ПСИО, Општина Центар во соработка со Едукативен центар за зачувување на природата- Негрево оддржаа викенд во Негрево каде имаа можност да се запознаат со понудените едукативни содржини и имаа одлична можност за авантура во природа и проширување на знаењата Повеќе за авантурите на Прв Скопски Извиднички Одред може да видите на следниот линк: https://ecnegrevo.mk/2020/09/24/izvidnici-vo-ec-negrevo/





- Ајваријада



За прв пат оваа година, извидниците од Галеб, Општина Аеродром, организираа одредска Ајваријада. Во пресрет на зимските денови, преку забавен (и безбеден) тим-билдинг викенд го направија првиот извиднички ајвар. Два дена исполнети со многу смеа, готвење и преубави мириси и вкусови. Со оваа активност, членовите стекнаа нови готвачки способности и вештини, а притоа негувајќи ги вредностите и традицијата.

Октомври 2020:

- Соларна енергија
  На 02.10.2020, извидниците го искористија убавото време и сончевиот ден за да реализираат интересна едукативна активност на тема соларна енергија. Преку повеќе различни работилници, заедно со другарите од Првиот Скопски Извиднички Одред и ИПО Јадран, научија на кои начини можеме да ја искористиме енергијата од сонцето, но и како да се заштитиме од сончевото зрачење. Научија како функционираат соларните готвачи и колку брзо развиваат висока температура; се тркаа со соларни бубачки и колички; изработуваа заштитни очила; си играа и експериментираа со соларни монистри и многу друго. Соларната енергија е безбедна алтернатива што може да ги замени сегашните фосилни горива, како јаглен и гас, за производство на електрична енергија. Користењето на сончевата енергија ќе ги елиминира овие небезбедни, нечисти последици од користењето на фосилни горива и помага во зачувувањето на квалитетот на воздухот, водата и земјиштето.



- Рафтинг во парк
  Извидниците од ИПО Јадран, ја започнаа новата година со поречанската дисциплина веслање со чамец. Најмладите членови имаа можност да се запознаат со оваа дисциплина, да ги научат нејзините основи и да ја продолжат традицијата на извидничките поречански одреди во нашата држава.



- Кандидатура за Старешинство на СИМ 2020- 2024
  12 кандидати за старешинството на Сојуз на извидници на Македонија ги претставија своите кандидатури со својата намера да раководат со сојузот во период 2020 - 2024 година. 93 делегати од 20 извидnички одреди на 04.10.2020 ќе го одберат новото раководство кое ќе го води сојузот во уште поголеми успеси.

Повеќе за кандидатите, нивната мотивација и искуство, може да прочитате на следниот линк: shorturl.at/mrwV8



- JOTA-JOTI (16 - 18 октомври 2020)

Извидниците од СИМ овој период имаа шанса да создади нови пријателства со луѓе од различни држави и континенти на оваа платформа, која претставува светска online смотра со активности подготвени од Светската Извидничка Организација за извидниците од сите возрасти, од цел свет!

Повеќе на линкот - shorturl.at/avGIZ



Изборно собрание 2020

На 04.10.2020 се оддржа изборно собрание на Сојуз на извидници на Македонија. 83 делегати од 17 извиднички одреди го одбраа старешинството и старешината на сојузот кои ќе раководат во период од 2020 до 2024 година.

Старешинство/управен одбор во состав:

- Огнен Стефановски - старешина/претседател
- Јане Плавевски - член на старешинство
- Анастасија Николовска - член на старешинство
- Виктор Гилев - член на старешинство
- Анастасија Секулоска - член на старешинство
- Симеон Ангелов - член на старешинство
- Ана Плетварец - член на старешинство

Поради рестрикциите поврзани со Ковид-19, собранието се одржа под посебни протоколи за организирање на настани на отворено, согласно препораките на комисијата за заразни болести. Дополнително, сојузот обезбеди донација на средства за дезинфекција и хигиена за продолжување на извидништвото под строго утврдени протоколи, како и предлог програма за сигурно продолжување на извидничките активности со предлог активности на отворено во наредниот период.






- Воведен тренинг за членовите на новото Старешинство
  Во период од 22 до 25.10.2020 во Извидничкиот центар Охрид, управниот одбор на СИМ имаше воведен тренинг за работата која ги очекува во престојниот мандат од 4 години. Како дел од тренингот, членовите ги поделија своите улоги и полиња на дејствување, дискутираа за начинот на оперативно и стратешко управување и за структурната поставеност на организацијата, преку креирање на нови тимови. Дополнително се разговараше за интегритетот на организацијата, идентификуваа потенцијални ризици и креираа акциски пан за раст и развој во доменот на своето дејствување.





Информативна сесија за членови во Бирото на СИМ
Старешинството на Сојуз на извидници на Македонија организираше информативна сесија за сите извидници заинтересирани да се вклучат во оперативните тела на сојузот. Како дел од состанокот се запознаа за улогите во телото, обврските и придобивките со учество во истите.



Ноември 2020:

- МЛАДИНСКИ ЦЕНТАР ВО ЦЕНТАР


  На ден 02.11. заедно со Градоначалниците на Општина Центар и Град Скопје беше одржана прес конференција за отпочнување на реконструкцијата на стариот објект на матично, кој ќе прерасне во младински центар. Младинскиот центар ќе биде инклузивен простор за деца и млади каде што ќе стекнуваат животни вештини, ќе организираат и



имплементираат активности од нивен интерес и ќе учествуваат во процесите на носење на одлуки,преку локалниот младински совет. Од идеја и иницијатива на извидниците на граѓанскиот форум на општина Центар, до реализација во рок од една година.

- БИРО НА СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

  Старешинството на СИМ ги избра началникот и комесарите кои ќе го предводат бирото на СИМ. Тимот ќе биде задолжен за оперативното извршување на основната програма и годишната програма за работата на Сојузот на извидници на Македонија во период 2020 - 2024 година.



Декември 2020:

- Online средба со Претседателот Стево Пендаровски

  По повод денот на волонтерите, Виктор Гилев и Александра Стојаноска како претставници на [illegible] лот Stevo Pe[illegible]ат за св[illegible]дредите за[illegible]





- 5 предлог активности

Со оглед на временските услови, пандемијата со Ковид-19 и неможноста за одржување на редовните патролни состаноци СИМ повторно организираше онлајн програма која траеше во текот на месец декември. Одредите имаа 5 предлог активности кои требаше да ги извршат а вклучуваа: изработка на новогодишни честитки до медицински персонал, соседи, пријатели и слично; изработка на рециклирачки новогодишни украси; одредска филмска вечер на Дискорд; донирање онаму каде што е потребно; подготовка на новогодишни десерти во облик на ТВ Кујна на Zoom. Сите извидници одреди зедоа активно учество во оваа кратка програма. Покрај програмските активности, ИзвидиТВ имаше уште една емисија, во новогодишен дух, со многу награди за најактивните развигорци и извидници минатата година.





- Волонтерска забава - Scoutvision 2020 и извидник на годината

За да се заокружи успешната година и покрај Ковид-19 пандемијата, и истовремено да се наградат волонтерите без кои нашите програмски активности немаше да бидат можни, на 26 декември се организира традиционалната волонтерска забава, овој пат на Zoom. Пред тоа, се одржа конкурс за избор на волонтер на годината а еве што има да ни каже Ина Михајлоска, нашата волонтерка на годината:

„Изминатава година иако беше претешка за сите нас, тоа ми беше дополнителна инспирација да дадам повеќе од себе, да помогнам на другите и да ги збогатиме нашите активности. Јас ќе продолжам да волонтирам и да придонесувам а се надевам и останатите ќе го направат тоа и ќе го направиме светот подобро место за живеење. ”